# ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА УЧИТЕЛИТЕ ВО ШТИП



# ЗБОРНИК

## 2005-2008 ГОДИНА

## *СОЦИЈАЛНА ПЕРЦЕПЦИЈА - како факшор за добри меѓучовечки Односи*

**Доц.д-р Емилија Петрова Ѓорѓева**
УГД „Гоце Делчев„ Педагошки факултет

Меѓучовечкиот однос е оној микроелемент на воспитните случувања од кој зависи успешноста на воспитната работа.Меѓучовечкиот однос е многу сложен процес, кој не можеме во целост да го рационализираме,ниту пак до крај да го објасниме.Во него постојат две нивоа на несвесното: интерперсонално (во поединците) и интерперсонално несвесно (меѓу поединците).Колку и да мислиме дека воспитанието е свесна активност,сепак многу нешта укажуваат на тоа дека неговата успешност зависи од невидливи, несвесни и ирационални сили ,кои дејствуваат во полето на меѓучовечките односи. Од тоа произлегува и парадоксот: "*Успешноста на воспитанието како свесна дејност зависи од дејствувањето на несвесни сили„*

Да имаш познавање за меѓучовечките односи, не е исто и да знаеш да владееш со нив. На наставникот т.е. на идниот воспитувач не му е доволно да има само знаење, туку и умеења во однесувањето, како и вештини за воспоставување и одржување на меѓучовечките односи. Се разбира, сето ова поставува посебни барања за оспособување на воспитувачот и воспитаникот.

Клучни зборови: меѓучовечки односи, социјална перцепција.

Штое е социјална перцепција?

Терминот социјална перцепција го употребуваме за да објасниме дека се работи за перцепција зо контекс на меѓучовечкиот однос. Од психологијата ни е познато дека перцепцијата е целосно и единствено доживување - претстава и е активен психички процес. Како нешто ќе перципираме во дадениот момент не зависи само од физиолошките потреби, но и од нашето предходно искуство од нашите ставови за моменталното расположение како и за нашиот став при наблудувањето. Можеме да разликуваме перципирање на предмети и перципирање на личниости. Предметот во нашата перцепција е статичен и нема повратно дејство врз нашето однесување, додека пак личноста реагира и повртно делува врз нас. Терминот социјална перцепција укажува на тоа дека постои меѓузависно перципирање на личностите во социјалната ситуација.

Во перципирањето на друга личност може да се појде од две гледишта.

Првото гледиште е дека и другите го наблудуваат и доживуваат светот како и јас. При тоа стоиме на сопственото гледиште и бараме од другите да на ист начин како и нас имаат слика за светот и луѓето околу нас. Тоа е доста егоистичко гледиште и се јавува во развојот на човекот уште од најраните денови од неговиот живот. Заправо, процесот на социјализација ја има таа задача да ја доведе социјално зрелата личност до такво ниво од каде ќе може да го набљудува светот и луѓето не само од своја точка на

гледање, но да настојува да ги согледа и гледиштата на другите. Тоа е посебно важно во односот наставник - ученик во кој наставникот мора да се постави во подожба на ученик за да би можел да го разбере ученикот.

Друго поблиско гледиште од предходното е дека другите се слични на мене, значи не исти но слични. Според тоа имаат слично мислење за светот околу себе.

И едното и другото гледиште се темелат на рационалниот пристап, но мораме да укажеме дека во процесот на меѓуебното перципирање во стварната животна ситуација дејствуваат и несвесни процеси кои понекогаш преставуваат кочница за воспоставување на хумани и адекватни меѓучовечки односи. Со оглед на тоа дека станува збор за несвесни функции на психата, ние не сме во можност да управуваме со нив. но тие управуаат со нас. За наставникот како за оној кој управува со воспитнот процес. кој ствара услови за воспоставување и одвивање на меѓучовечките односи значајно е да ги спознае и во себе да ги разоткрие тие несвесни механизми за да би се оневозможило нивното дејствување во неговото однесување према учениците. Факт е дека го познаваме она што се случува во нас, она што се одвива повеќе на свесната отколку на несвесната страна. Врз основа на познавањето на себе самите ние пресудуваме за другите.

Колку сме пообјективни за себе самите и што повеќе ги разрешуваме внатрешните конфликти и го освестуваме несвесното во нас, ќе бидеме способни пообјективно да просудуваме за другите. Несвесните процеси и механизми кои се јавуваат на интраперсонално и интерперсонално ниво посебно кога станува збор за меЈѓучовечките односи можат да бидат значителна кочница за успешен меѓучовечки однос.

Ке проговорам малку и за една несвесна функција на психата која Дил (Diel) ја нарекол проекциска интроспекција. Кај проекциската интроспекција се работи за тоа дека во меѓучовечкиот однос туѓото оцнесување се објаснува врз основа на несвесната функција на психата, па на другата личност и препишуваме некои особини. ставови. мотиви на однесување кои заправо ги имаме ние во нас самите а за кои не сме свесни и несакаме да ги признаеме па ги решаваме на тој начин што им ги препишуваме на другите.

Осетливо прашање за меѓучовечките односи кај кои посебно доаѓа до израз механизмот на проекциската интроспекција е прашањето за доверба.

Довербата е камен темелник на секој вистински, прав хуман меѓучовечки однос. Без доврба не може да се замисли успешен меѓучовечки однос. Ако наставникот нема

доверба во себе, неможе да ја има ни во својот ученик. ако нема доверба во својот ученик, тогаш наможе да прифати дека и ученикот има доверба во него.

Прашањето за довербата се јавува на редацијата јас - јас, јас - ти. но тоа зависи исто така и од општата клима на поверение која влијае во една заедница.

Многу често со механизмот на проекциска интроспекција се оправдуваме себе си дека неможеме да имаме доверба во другите бидејки тие немаат доверба во нас. Често наоѓаме причина за недоверба кон другите во фактот дека сме доживеале некое горчливо разочарување верувајки му на некој кој не разочарал па несакајќи повторно да го доживееме тоа разочарување земаме став на недоверба кон другите.

За воспоставување на добар меѓучовечки однос многу е важен и првиот контакт во кој ее изграцува и првиот впечаток за личноста. Од секојдневниот живот знаеме дека првиот впечаток кој ќе го изградиме (добиеме) за некоја личност и кој што влиЈае врз создавањето на нашиот став према таа личност. го обојува нашето однесување емоционално кон таа личност. Не е доволно наставникот да знае само дека првиот впечаток е многу важен, но во склад со тие знаења треба да створи такви услови кои ќе доведат до позитивни резултати во воспоставувањето на односот кон учениците.

Од првиот впечаток, кој с секогаш емотивно обоен, зависи ставот кој влијае врз интеракцијата и комуникацијата. па од него често зависи и квалитстот на меѓучовечкиот однос кој треба да биде воспоставен.

Првото меѓусебно перципирање ги условува првите проценки за личноста на некоја друга индивидуа и донесуваље на суд за нејзините особини и квалитсти.

Ако дошло до меѓусебна адекватна проценка ќе се воспостави природна и спонтана интеракција и комуникација што ќе биде сигурна основа за успешен меѓучовечки однос. Меѓутоа ако о.д било кои причини дојде до неадекватна проценка секоја понатамошна интеракција и комуникација ќе биде отежната и во одредена смисла понекогаш оневозможена.

При првата средба. или во првиот контакт во создавањето на првиот впсчаток може да дојде до дејствување на подсвесните процеси кои ќс ни ја замаглат правата слика за личноста. Познат е механизмот Хало - ефект кој можс да дејствува на несвесна основа. Се работи за тоа кога нис во првата средба со друга личност воочуваме и проценуваме нскоја нсјзина особина врз основа на која ја проценуваме целокупната личност. Овде се работи за трансфер на поедини особини на мислење за целокупната личност. На пример ако забележиме кај некоја личност со која стапувамс во контакт која с уредна. за таа личност ќе имаме добро числсње бидејки таа особина ќе ја пренесеме и на се останато кај неа. Исто така можемс да стекнеме позитивен општ

впечаток за некоја личност при првата срсдба. така што тој впечаток под влијание на нссвесниот мсханизам Хало - ефект се пренесува и на останатите особини на личноста. Тоа се јавува кога некоја личност ни личи на личноста која на нас ни е драга и блиска. и спонтано се јавува симпатија кон таа личност, на ист начин се јавува и антисимпатија. Во ситуацијата во која се јавува симпатија е олеснато воспоставувањето на добри односи, а антпсимпатијата преставува препрека за воспоставување на односи. Наставникот често се наоѓа во ситуација да врз основа на хало - ефектот ги проценува своите ученици и како последица на тоа се појавуваат нсгови љубимци на што останатите ученици се многу осетливи. Хало-ефектот е природен сложен механизам во меѓучовечките односи и не постои можност во потполност да се отстрани.

## Пресудување и преценување на перцнпиоањето

Сите луѓе не се подеднакво способни да врз основа на перципирањето на другите што пообјективно да ја проценат неговата личност. Способноста за перципирање и врз основа на таа способност пресудувањето и проценувањето на личноста како и секоја друга способност се развива во функција. Тие способности се важни за секојдневниот живот ако сакаме да имаме успешни меѓучовечки односи.

Меѓутоа посебно се важни за наставниците кои се секојдневно во ситуација да врз основа на тоа што го перципираат кај своите ученици и создаваат мислење за нив. Способностите на просудување врз основа на перципирањето зависат и од квалитетот на особините кој се проценуваат. Многу лесно врз основа на тоа што го забележуваме ќе процениме дали е некој уреден или не. меѓутоа. многу потешко ќе просудиме дали е некој морален или не.

Способноста за перципирање. просудување и проценување е сплет на ментални способности од кој интелигенцијата има значајна улога. Покрај интелигенцијата значајно место зазема и степенот на објективност која личноста ја има према самата себе. Колку личноста е пообјективна према себе толку и се поголеми и шансите да биде објективна и кон друг. Покрај интелигенцијата и степенот на објективност како значаен услов за просудување во меѓучовечките односи се појавува и авторитетивноста како единствена особина на личноста изразена во желбата за доминација над другите.

Користена литература

1.Bratanic,M, Mikropedagogija, Interakcisko–komunikaciski aspect odgoja, Skolska knjiga, Zagreb, 1993.

2.Bratanic, M, Mikropedagogija, Mikropedagoski pristup, Susreti u nastavi, Skolska knjiga, Zagreb,1997

3.Pedagoska Enciklopedija